ДВОРСКИ ИГРИ НА НАЈМОЌНИТЕ ЛУЃЕ ВО ЕУ

ПЛАНОТ НА МИШЕЛ ЗА РУШЕЊЕ НА ФОН ДЕР ЛАЈЕН

ISBN 978-9989-2025-2-0

business magazine

Капитал

БРОЈ **1170** | **21 јуни 2024 петок**
година 25 | цена **200** ден.

ЕКОНОМИЈА

РАСТ НА ДОМАШНИОТ ИКТ СЕКТОР ОД 15% ГОДИШНО

РЕЧИСИ 1,5 МИЛИЈАРДИ ЕВРА ПРИХОДИ ЛАНИ

ТЕХНОЛОГИЈА

КРЕАТИВНА ВЕШТАЧКА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА

ДЕВЕТ АЛАТКИ ШТО ЌЕ ВИ ГИ СМЕНАТ ЖИВОТОТ И РАБОТАТА

РЕГИОН

ВО ХРВАТСКА ИМА НЕКОЛКУ АМБИЦИОЗНИ ПРОЕКТИ ЗА РАЗВОЈ НА РОБОТИ

COVER STORY

СЕ ЗГОЛЕМУВА КОНКУРЕНЦИЈАТА ВО ФИНАНСИСКИОТ БИЗНИС

ПЕТ НЕБАНКАРСКИ КОМПАНИИ ВЕЌЕ ДОБИЛЕ ДОЗВОЛА ЗА ДАВАЊЕ ПЛАТЕЖНИ УСЛУГИ ВО МАКЕДОНИЈА И ПРЕКУГРАНИЧНО

ВО ОВОЈ БРОЈ
СПЕЦИЈАЛЕН ПРИЛОГ

АЛКАЛОИД СКОПЈЕ
УНИБанка Твојата Банка
ProCredit Bank
NLB Banka

ДИАСТОП
Директ

ПЕРОРАЛЕН ПРАШОК
ЗА ДИРЕКТНА УПОТРЕБА

БЕЗ ШЕЌЕР
СО ВКУС НА ЈАГОДА И МАЛИНА

ЗА ВАШИТЕ СТОМАЧНИ ТЕГОБИ

Соодветен при:

- дијареја
- надуеност
- употреба на антибиотици
- инфекција предизвикана од *Helicobacter pylori*

9 милијарди пробиотски бактерии во една ќесичка + витамин D_3

Придонесува за нормална работа на ензимите за варење на храната, за имунолошкиот систем и за перисталтиката на цревата, како и за намалување на честотата и на сериозноста на благи до умерени дигестивни симптоми коишто настануваат поради нарушување на нормалната цревна микрофлора.

АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ

Здравјето пред сè

Пред употреба внимателно да се прочита упатството!
За индикациите, ризикот од употребата и за несаканите дејства на граничниот производ, консултирајте се со Вашиот лекар или со фармацевт.

06

COVER STORY

Се зголемува конкуренцијата во финансискиот бизнис

Пет небанкарски компании веќе добиле дозвола за давање платежни услуги

22

ДИГИТАЛИЗАЦИЈА

Трендови на плаќање во регионот

Безготовинските плаќања зголемени за 30%, значителен раст на токенизираните трансакции

24

ЕКОНОМИЈА

Раст на информатичко-комуникацискиот сектор од 15% годишно

Речиси 1,5 милијарди евра приходи остварile ИКТ компаниите лани

12

СПЕЦИЈАЛЕН ПРИЛОГ

„ТРАНСПОРТ И ЛОГИСТИКА“

Иднината на тркала

Нови технологии во транспортот и логистиката

28

ДИГИТАЛИЗАЦИЈА

ПроКредит Банка прави чекор напред во поддршка на малите и средните компании

Се одржа втората бизнис конференција „Дигитална еволуција“

30

КАРИЕРИ

Конференција на „Халк банка“ – „Чувари на мудроста“

Мукаетов од Алкалоид и Ниновски од Бреинстер споделија искуства со младите

36

СО АМЧАМ НА ТЕМА...

Заштита на правата на интелектуална сопственост

Балканската рута на трговија со фалсификувани производи

COVER STORY

Се зголемува конкуренцијата во финансискиот бизнис.....06

Пет небанкарски компании веќе добиле дозвола за давање платежни услуги во Македонија и прекугранично

СПЕЦИЈАЛЕН ПРИЛОГ

ТРАНСПОРТ И ЛОГИСТИКА

- Иднината на тркала
  Нови технологии во транспортот и логистиката.....12
- Delfino Mobility Group го лансира автомобилскиот бренд Geely во Македонија.....18
- Топ 5 трендови во меѓународниот транспорт за 2024.....21

ДИГИТАЛИЗАЦИЈА

Трендови на плаќање во регионот.....22

Безготовинските плаќања зголемени за 30%, значителен раст на токенизираните трансакции

ЕКОНОМИЈА

Раст на информатичко-комуникацискиот сектор од 15% годишно.....24

Речиси 1,5 милијарди евра приходи остварile ИКТ компаниите лани

ДИГИТАЛИЗАЦИЈА

ПроКредит Банка прави чекор напред во поддршка на малите и средните компании.....28

Се одржа втората бизнис конференција „Дигитална еволуција“

КАРИЕРИ

Конференција на „Халк банка“ – „Чувари на мудроста“.....30

Мукаетов од Алкалоид и Ниновски од Бреинстер споделија искуства со младите

ОБРАЗОВАНИЕ

Извонредна можност за продлабочување на италијанско-македонските врски.....40

Двојна диплома на Универзитетот Католика од Милано и Универзитетот Американ Колеџ Скопје

РЕГИОН

Не се светски шампиони во роботика, но се трудат да фатат чекор.....42

Во Хрватска има неколку амбициозни проекти за развој на роботи

Импресум// Издава: Капитал Медиа Гроуп доо Скопје, бул. Партизански Одреди бр.17-1/16, п.фах 503, 1000 Скопје • Адреса на уредништвото на издавачот на медиум: бул. ВМРО бр.7, здрада 1, влез 1, кат 6, стан бр.31 • П. ФАХ 503, 1000 Скопје • Директор и одговорен уредник: Љупчо Зиков • Печати: Европа 92, ул. Крижевска бр.52, 2300 Кочани, Р. Македонија • Тираж: 3.000 примероци • Датум на печатење: 19.06.2024

Капитал Медиа Гроуп е членка на Асоцијацијата за заштита на печатени медиуми

Капитал Медиа Гроуп е членка на Советот за етика на медиумите во Македонија

ЕВРОПА ЌЕ ЈА ОБНОВУВА ПРИРОДАТА СО ЗАКОН, ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ БЕСНИ

Министрите за животна средина на Европската унија го одобрија законот за обновување на природата, попознат како Зелен план. Тој беше во мирување со месеци, но одлуката конечно беше донесена во понеделникот. Законот предизвика многу контроверзии. Некои го нарекуваат најважниот закон за заштита на животната средина во последните 20 години, затоа што австрискиот министер ризикуваше дури и да пропадне коалицијата, а земјоделците го обвинуваат законот за загрозување на земјоделството и безбедноста на храната.

Законот бара од земјите-членки на ЕУ да обноват најмалку 20 отсто од оштетените живеалишта на копно и во вода до 2030 година со цел да се обноват екосистемите. До 2040 година оваа бројка ќе биде 60 отсто, а до 2050 година дури 90 отсто. Мора да се зачуваат старите шуми во ЕУ, да се даде повеќе простор на реките, а мочуриштата повторно да се „навлажнуваат“. Најдоцна до 2030 година, треба да го смениме и трендот кон истребување на инсектите кои опрашуваат.

Иако екологистите, многу научници и компании го поддржаа законот, имаше силно противење, главно од здруженијата на земјоделци. Критичарите стравуваат дека трошоците ќе бидат преголеми за земјоделците и ќе влијаат на производството на храна во ЕУ.

OFFICIAL TIMEKEEPER

At the Olympic and Paralympic Games Paris 2024, focus will be on the athletes striving for gold. Gianmarco Tamberi is the current World and Olympic champion in High Jump, and will be hoping to claim another medal on the greatest sporting stage. OMEGA is proud to support Gianmarco and all the athletes as they pursue their dreams. For the 31st time in history, our role as Official Timekeeper will ensure precision and expert performance at the critical moments that count.

SPEEDMASTER MOONWATCH
Co-Axial Master Chronometer

PARIS 2024 | OMEGA OFFICIAL TIMEKEEPER | PARIS 2024

BOZINOVSKI WATCHES & JEWELRY • STREET MACEDONIA 29 • 1000 SKOPJE



СЕ ЗГОЛЕМУВА КОНКУРЕНЦИЈАТА ВО ФИНАНСИСКИОТ БИЗНИС

ПЕТ НЕБАНКАРСКИ КОМПАНИИ ВЕЌЕ ДОБИЛЕ ДОЗВОЛА ЗА ДАВАЊЕ ПЛАТЕЖНИ УСЛУГИ ВО МАКЕДОНИЈА И ПРЕКУГРАНИЧНО

Во изминатиот период, поголем број субјекти се обратиле до Народната банка со цел да го почнат процесот за добивање дозвола за давање платежни услуги. Пет трговски друштва коишто даваат одредени видови платежни услуги (брз трансфер на пари или издавање кредитни картички), во согласност со претходната правна рамка, поднеле официјално барање со потребната документација во согласност со новата правна рамка и биле позитивно оценети.

Дигиталната технологија сè повеќе влијае врз финансиската индустрија. Модернизацијата на плаќањата е особено изразена и зема сè поголем замав и во нашата економија. Според податоците од платежната статистика за 2023 година на Народната банка, забележано е зголемување на безготовинските платежни трансакции од 16%, во споредба со 2022 година, односно 87 трансакции по глава на жител.

Според глобалната база на податоци „Финдекс“ на Светската банка, процентот на возрасни кои извршиле или примиле дигитални плаќања се зголемил од 44% во 2014 година на 64% во 2021 година.

Ова го истакна гувернерката Анита Ангеловска-Бежоска на почетокот на Работилницата за новинари под наслов „Дигитализацијата на финансиските услуги и нивната примена во банкарскиот сектор“, којашто се одржа во Народната банка деновиве. Пред новинарите се обратија и Игор Величковски, директор на Дирекцијата за платни системи при Народната банка, Кристина Трпезаноска, заменик-претседавачка на Комисијата за информативна сигурност и членка на Комисијата за ризици при МБА и директорка на Одделот за управување со ризици при „Прокредит банка“ и Киро Чадиковски, директор на Дирекцијата за банкарски картички и платежни сметки во „Комерцијална банка“ АД Скопје.

Гувернерката посочи дека преку низа активности се поддржува примената на новите технологии во плаќањата, а дека од суштинско значење за ова е и стратегискиот пристап и носењето на Финтек-стратегијата за финансиските регулатори за периодот од 2023 до 2027 година, изработена од Народната банка, во соработка со претставници од регулаторните и надзорните институции во финансиската сфера.

Ангеловска-Бежоска во своето обраќање ја истакна важноста

АНИТА АНГЕЛОВСКА – БЕЖОСКА
гувернерка на Народната банка

Преку низа активности се поддржува примената на новите технологии во плаќањата, а дека од суштинско значење за ова е и стратегискиот пристап и носењето на Финтек-стратегијата за финансиските регулатори за периодот од 2023 до 2027 година, изработена од Народната банка, во соработка со претставници од регулаторните и надзорните институции во финансиската сфера.

ИГОР ВЕЛИЧКОВСКИ
директор на Дирекцијата за платни системи во Народната банка

Законот за платежни услуги и платни системи води кон значајна пресвртница и со него се овозможуваат нови решенија за дигиталните плаќања, коишто покрај банките и штедилниците, ќе ги развиваат и новите даватели на платежни услуги од финтек-секторот. Народната банка веќе ги издаде првите дозволи за платежни институции, во согласност со новата законска рамка, преку кои граѓаните ќе може да извршуваат плаќања во земјата и прекугранично.

на регулативната рамка, но и иновациите во процесите на плаќање и широката примена на механизмите за електронско прифаќање на плаќањата, како значителна промена што води кон економија без готовина. Во своето обраќање, гувернерката посочи дека покрај предностите, дигитализацијата носи и нови ризици, како кибернападите. Оттаму, од голема важност е да се подигне јавната свест за овие предизвици преку процесот на финансиска едукација, но и преку спроведувањето на европскиот Закон за дигиталната оперативна отпорност.

„Кибер-нападите бележат постојан раст, а стануваат и сè посложени и посилни. Се проценува дека на дневна основа има повеќе од 2200 напади, односно еден напад на секои 39 секунди. Финансиската индустрија традиционално е прва на листата по бројот на кибер-нападите."

Првите небанкарски институции добија дозвола за давање платежни услуги

На Работилницата стана збор и за Законот за платежни услуги и платни системи, којшто води кон значајна пресвртница и со кој се овозможуваат нови решенија за дигиталните плаќања, коишто покрај банките и штедилниците, ќе ги развиваат и новите даватели на платежни услуги од финтек-секторот.

Народната банка ги издаде првите дозволи за платежни институции, во согласност со новата законска рамка, преку кои граѓаните ќе може да извршуваат плаќања во земјата и прекугранично, истакна директорот на Дирекцијата за платни системи при Народната банка, Игор Величковски. Тој посочи дека една од значајните придобивки на новата правна рамка во платежната сфера е отворањето на пазарот за влез на нови даватели на платежни услуги, односно покрај банките, платежни услуги може да даваат и штедилниците, а како нови учесници на пазарот може да се јават и платежните институции и институциите за електронски пари. Новите институции треба да добијат дозвола за давање платежни услуги и/или издавање електронски пари од Народната банка, за што треба да исполнат соодветни услови коишто се јасно пропишани со новата правна рамка.

„Во изминатиот период, поголем број субјекти се обратија до Народната банка со цел да го почнат процесот за добивање дозвола за давање платежни услуги, при што пет трговски друштва коишто даваа одредени видови платежни услуги (брз трансфер на пари или издавање кредитни картички), во согласност

Значително повисоки стапки на раст на плаќањата со платежни картички наспроти кредитните трансфери.

Постепено пренасочување на граѓаните кон иницирање платежни трансакции преку интернет или решенија за мобилни плаќања.

Забележително пренасочување на граѓаните кон користење на мобилни телефони за иницирање на кредитните трансфери.

со претходната правна рамка, поднесоа официјално барање со потребната документација во согласност со новата правна рамка и беа позитивно оценети.“, откри Величковски на работилницата.
Покрај тоа, Народната банка му издаде дозвола на постоечкиот оператор на платниот систем-КИБС, којшто овозможува порамнување трансакции со кредитни трансфери, при што беше лиценциран за првпат во согласност со новите законски барања коишто ги следат практиките во земјите од Европската Унија.
Во однос на интересот на новите небанкарски даватели на поширока лепеза платежни услуги, Величковски истакнува дека во моментов Народната банка е во активна комуникација со повеќе субјекти, од кои еден дел веќе даваат платежни услуги на пазарот во Европската Унија и во регионот.
„Очекуваме дека овие субјекти,

Висок раст на бројот на трансакции со платежни картички на физички места на продажба по глава на жител.

доколку ги исполнат пропишаните услови, ќе донесат иновативни решенија за плаќања на македонскиот пазар во согласност со глобалниот тренд поврзан со финтек-услугите“, рече Величковски.
Покрај зајакнувањето на конкуренцијата преку навлегувањето на нови даватели на платежни услуги на домашниот пазар, коишто би обезбедиле поевтини, побрзи и поудобни плаќања за граѓаните и компаниите, новата правна

Најголем број од платежните картички овозможуваат бесконтакни плаќања.

Извор: Сите табели во овој текст се преземени од НБРСМ

рамка создаде основа за поедноставување и поевтинување и на прекуграничните плаќања. „Ова би го постигнале со пристапувањето во СЕПА (Единствена област за плаќања во евра). Народната банка и релевантните државни институции со заеднички напори ја пополнија апликацијата за пристапување на нашата земја во СЕПА и на крајот на април годинава, Народната банка ја достави апликацијата до Европската комисија за добивање неформално мислење. Откако ќе го добиеме неформалното мислење и откако соодветно ќе постапиме според него, апликацијата ќе биде формално поднесена до Европскиот совет за плаќања за добивање формална оцена и одлучување за пристапот во СЕПА“, посочи Величковски.

Понудата на дигитални услуги допрва ќе се зголемува

Директорката на Одделот за управување со ризици во „Прокредит банка“, Кристина Трпезаноска, посочи дека во последните години во банкарскиот сектор во нашата држава е направен виден исчекор во дигитализацијата, поддржана од соодветните законски промени.

„Понудата на дигиталните услуги ќе се зголеми во идниот период, а должност на банките е да обезбедат нивна практична, лесна и ефикасна употреба, како и унапредување на дигиталната писменост на крајните корисници. Во овој процес на засилена дигитализација, од суштинско значење е да се спроведат стандардите за информативна безбедност и заштита на дигиталниот простор“, нагласи Трпезаноска.

Претставниците на банките се согласни дека дигитализацијата на финансиските услуги значително го трансформира финансискиот сектор.

„Мобилните апликации и интернет-банкарството овозможуваат управување со финансиите од каде било, додека напредните методи за автентикација ги заштитуваат податоците. Финансиската вклученост, брзите плаќања и поврзаноста со други услуги дополнително придонесуваат за позитивните ефекти на дигитализацијата, овозможувајќи економски развој и напредок“, порача Киро Чадиковски, директор на Дирекцијата за банкарски картички и платежни сметки во „Комерцијална банка“ АД Скопје.

special edition

ТРАНСПОРТ И ЛОГИСТИКА

издание на
Капитал business magazine
20 јуни 2024

ИДНИНАТА НА ТРКАЛА
НОВИ ТЕХНОЛОГИИ ВО ТРАНСПОРТОТ И ЛОГИСТИКАТА

- Придобивки и предизвици на дигиталната трансформација
- ТОП 6 трендови во меѓународниот транспорт за 2024
- Delfino Mobility Group го лансира автомобилскиот бренд Geely во Македонија

ИДНИНАТА НА ТРКАЛА

НОВИ ТЕХНОЛОГИИ ВО ТРАНСПОРТОТ И ЛОГИСТИКАТА

Транспортот и логистиката, претежно во сите делови на светот, се соочуваат со слични проблеми. Глобалното поврзување придонесе за проблемите на сите учесници во синџирот на снабдување, без оглед на физичката оддалеченост, и влијае на деловните резултати и на добавувачите и на клиентите. Специфичностите и разликите во предизвиците меѓу земјите се рефлектираат во нивото на развој, географската положба на земјата и структурата на расположливата работна сила.

Воведувањето на технологиите од т.н. Индустриска револуција 4.0 (технолошкиот развој што се случува од почетокот на 21 век наваму, н.з.) донесе суштински промени во начинот на водење бизнис, поставувајќи нови стандарди и предизвици за компаниите. Способноста за прилагодување на персонализираните барања на потрошувачите стана клучна за опстанокот на пазарот.

Сепак, усвојувањето на нови деловни трендови бара длабоки трансформации, високо ниво на ризик и значителни инвестиции кои не можат да се реализираат самостојно. Неопходна е интеграција на сите учесници во синџирот на снабдување. Транспортот игра клучна улога во сите процеси, од производство до испорака до крајни потрошувачи, како и евентуалните поврати на стоката. Координацијата помеѓу сите овие елементи станува клучна за да се постигнат максимални резултати. Така транспортот и логистиката се појавуваат како еден од најкритичните деловни сегменти кои бараат внимателно планирање и управување. Промената во кој било процес на синџирот на снабдување има влијание врз транспортот и логистиката.

Со оглед на тоа што, покрај технолошката револуција, светот од почетокот на третата деценија на 21 век го погоди пандемијата Ковид-19, разни природни катастрофи, војни во Источна Европа и Блискиот Исток, светската економија доживеа многу големи загуби, кои не беа можни да се следат, ниту контролираат. Најзначајните предизвици со кои се соочија некои од најголемите светски економии во последните неколку години се:

Најголеми логистички предизвици за економиите

▶ **САД - Нарушувања на синџирот на снабдување:**
Пандемијата „Ковид-19“ ги изложи слабостите на синџирот на снабдување во САД. Ограничувањата на движењето на стоки и услуги за време на пандемијата „Ковид-19“, промените во понудата и побарувачката, економските политики на земјите во светот влијаеја на прекините на снабдувањето во речиси сите индустрии. За да се надмине овој предизвик, неопходно е да се направат значителни промени во управувањето со синџирот на снабдување. Оптоварување на инфраструктурата: стареењето на патиштата, мостовите и пристаништата доведоа до метеж и неефикасност. Ризикот со кој се соочува транспортот и логистиката може да се намали со значителни инвестиции во модернизацијата и автоматизацијата на транспортните мрежи.

▶ **Кина - Предизвици со карго бродови:**
За време на пандемијата, Кина, како главен извозник, се соочи со пречки во транспортот бидејќи товарните бродови беа заглавени во пристаништата, што доведе до зголемени транспортни трошоци. Предизвици за урбана мобилност: Брзата урбанизација и модернизација во кинеските градови ги напрегнаа транспортните системи. За да се надмине овој предизвик, неопходно е да се редефинира транспортната политика со цел да се решат проблемите како што се застојот, загадувањето на воздухот и емисиите на стаклени гасови.

▶ **Германија - Недостиг на работна сила**:
Недостигот од возачи е важен предизвик во секторот логистика и транспорт. Истражувањата покажуваат дека во 2023 година во Германија имало недостиг од 70.000 возачи. Железничка криза: Кризата на финансискиот и на стоковните пазари се одрази и на транспортниот сектор. Железниците се столбот на германската конкурентност во Европа. За да се надмине овој предизвик, неопходна е владина поддршка за да се обезбеди економски раст и да се промовира вработувањето.

▶ **Јапонија - Зголемени транспортни трошоци:**
Зголемувањето на цената на суровата нафта влијаеше на зголемувањето на транспортните трошоци. Цената на нафтата дополнително се зголеми со намалувањето на државните субвенции. Недостиг на работна сила: Во секторот транспорт и логистика недостигаат нови кадри, а во исто време голем број вработени во овој сектор заминуваат во пензија.

▶ **Индија - Високи транспортни трошоци:**
Индија се соочува со зголемени оперативни трошоци кои се состојат од трошоци за гориво, работна сила и одржување. Овие трошоци влијаат на севкупната ефикасност и конкурентност на индустријата. Недостигот на соодветни складишта и долгите даночни процедури забавуваат и го отежнуваат транспортот. Индија нема соодветно опремени магацини, па стоката често се оштетува. Повеќеслојните и повеќекратните даночни структури ги забавуваат процесите и предизвикуваат губење време.

▶ **Земји од Западен Балкан:**
Патниот транспорт е доминантен во земјите од Западен Балкан (Албанија, Босна и Херцеговина, Северна Македонија, Црна Гора, Србија и Косово). Патниот транспорт се карактеризира со непредвидливо времетраење на патувањето, високи логистички трошоци, метеж, загадување на животната средина и емисии на јаглеродни гасови. Неразвиените патни и железнички мрежи, ограничените транспортни коридори и несоодветното одржување на постојната инфраструктура се главните предизвици на транспортните системи на земјите од Западен Балкан. Како и неусогласеност со голем дел од Европа во однос на квалитетот и густината. Неодржуваните и фрагментирани транспортни мрежи го попречуваат растот и интеграцијата во регионот и со земјите од ЕУ. Околу 34% од секундарната железничка мрежа бара итно одржување или надградба. Балканот има во просек 54 километри патишта на 100 квадратни километри наспроти 126 километри во земјите од Централна и Југоисточна Европа.

Статистиката покажува дека камионскиот транспорт е најзастапен облик на транспорт во Македонија. Другите начини на транспорт (железница, вода и воздух) се на многу ниско ниво кога станува збор за транспорт на стоки. Тоа е сериозна пречка за ефикасно и економично спроведување на регионалните и глобалните синџири на снабдување.

Но, бидејќи земјава не излегува на море, транспортно – логистичките компании од Македонија се трудат да обезбедат комбинација од железнички, бродски и патен транспорт при превозот на стоки, заедно со услуги за складирање и царинење на стоките, како и други решенија за целосниот синџир на снабдување.

Според податоците на Централниот регистар на Р.С.Македонија во 2022 година во секторот Транспорт и складирање работеле речиси 5.500 компании во кои биле вработени околу 28.000 лица. Трендот е дека бројот на вработени се намалува четири години по ред, додека бројот на фирми се намалил само во 2020 година за време на пандемијата, но се зголемил во 2021 и 2022 година. Во дејноста пак логистика, односно како што се води во класификацијата на Централниот регистар, останати придружни дејности во превозот, во



ИНДУСТРИСКАТА РЕВОЛУЦИЈА 4.0 ВО ТРАНСПОРТОТ И ЛОГИСТИКАТА

Технологиите на Индустриската револуција 4.0 имаат потенцијал да го намалат влијанието на негативните фактори и да ги направат транспортните и логистичките процеси поефикасни:

- **Транспарентност на синџирот на снабдување од почеток до крај** – технологиите на Индустријата 4.0 овозможуваат следење на движењето на суровините и производите во секој момент. Затоа, можно е навреме да се идентификуваат пречките и да се елиминираат.
- **Ефикасност на менаџментот** – Располагањето со информациите во реално време придонесува кон поефикасно планирање на транспортот и навремено донесување на одлуки, со цел да се минимизираат доцнењата во транспортот.
- **Автоматизација со помош на роботи и дронови** - Повторливи и задачи, како што се пополнување нарачки во магацини и избирање на нарачки може да се оптимизираат користејќи роботи и дронови.
- **Користење на автономни возила** – Развој и користење на паметни и автономни возила влијае на намалување на деловните трошоци, како и на намалување на емисиите на CO_2.

2022 година работеле 340 фирми со 2400 вработени.

Дигиталната трансформација во транспортот и логистиката

Дигиталната трансформација е трансформација на целокупниот деловен процес на компаниите што се однесува на редизајн на деловниот, оперативниот и дигиталниот бизнис модел со цел подобрување на клучните показатели за перформансите на сите процеси и постигнување конкурентска предност.

За да се постигне ова, компаниите применуваат различни техники и алатки во процесот на дигитална трансформација. Најчесто користени алатки се Agile методологијата, управување со промени и дигитални технологии. Првите две алатки се однесуваат на градење на потребните компетенции на вработените во компаниите, а третата алатка, покрај проектните вештини, вештините за управување со промени и знаењето за доменот на вработените, вклучува и дигитални вештини како и знаења поврзани со можностите за примена на дигитални технологии и двете во индустријата и во различни процеси.

Според Извештајот за иднината на работните места на Светскиот економски форум, синџирот на снабдување и транспортните компании ќе се фокусираат на градење на следните вештини на вработените: технолошка писменост, вештачка интелигенција и големи податоци (технички вештини), аналитичко и креативно размислување (когнитивни вештини), соработка со клиентите и услужни вештини, управување со таленти (менаџерски вештини). Покрај развојот на техничките вештини (hard skills), посебно внимание ќе се посвети на меките вештини (soft skills) за градење ставови на вработените во однос на соработката со другите (лидерство и социјално влијание, емпатија и активно слушање), самоефикасност (еластичност, флексибилност и агилност, мотивација и самосвест, љубопитност и доживотно учење, емпатија и активно слушање) и етика.

Што се однесува до позициите кои се клучни за трансформација на бизнисот во логистичката и транспортната индустрија и кои ќе продолжат да растат во иднина, тоа се: возачи на камиони и автобуси (раст од 26%), специјалисти за развој на бизнис (24%), синџир на снабдување и специјалисти за логистика (22%), возачи на лесни камиони и услуги за испорака (15%), генерални и извршни директори (8%). Позициите за кои ќе се намали побарувачката се во книговодство и сметководство (41%), како и оперативен менаџмент (1%). Компаниите кои постигнаа значителен напредок

ПРИДОБИВКИ И ПРЕДИЗВИЦИ НА ДИГИТАЛНАТА ТРАНСФОРМАЦИЈА

Придобивките од дигиталната трансформација за транспортната индустрија и логистиката се рефлектираат во:

1. Трансформација на деловните процеси во смисла на зголемување на нивната ефикасност и ефективност, автоматизација и оптимизација;
2. Деловни перформанси - зголемување на профитабилноста, продуктивноста и синџирот на снабдување, навремена испорака, предвидлива аналитика на побарувачката и ризикот, оптимизација на логистиката;
3. Агилност - намалување на оперативните трошоци, трошоците за квалитет, транспортот и просторот за складирање преку намалување на залихите и намалување на времето за испорака;
4. Поголема одржливост и подобра заштита на животната средина преку намалени емисии на CO_2, намалување на отпадот, намалување на потрошувачката на вода и поголема енергетска ефикасност;
5. Појава на нови пазари и производи и услуги;
6. Поголема соработка со различни учесници во екосистемот (стартапи, универзитети, институти, здруженија итн.).

Најзначајните предизвици со кои се соочуваат компаниите од транспортната и логистичката индустрија во процесот на дигитална трансформација може да се поделат на:

1. Финансиски предизвици - се карактеризираат со високи трошоци за имплементација на технологии и менување на деловните модели;
2. Организациски предизвици - се состои од стратегија и патоказ за дигитална трансформација, „Управување со промени“ и агилни методологии, формирање канцеларија за дигитална трансформација и регрутирање и задржување на дигитално компетентна работна сила;
3. Предизвици на имплементацијата на самите технологии - кои вклучуваат интеграција на новите технологии со постоечките апликации, стандардизација и архитектура на податоци, предизвици поврзани со управувањето со податоците, безбедноста и начинот на кој податоците се користат и складираат.

во процесот на дигитална трансформација имаат јасно дефинирани и имплементирани стратегии за обезбедување и технички и технолошки ресурси, како и ресурси во форма на компетенции на вработените (дигитални и проектни).

Што прават напредните логистички компании

Исто така, секоја од нив има посебен оддел/сектор, канцеларија за управување со дигитални трансформации. Целта на канцеларијата е да управува со процесот на дигитална трансформација преку преточување на дефинираната стратегија за трансформација во јасни чекори за имплементација. Таа ги дефинира улогите и одговорностите за да обезбеди транспарентен синџир на команда и одговорност во организацијата. Создава организациска култура фокусирана на иновации, промени и развој, преку употреба на напредни дигитални алатки за собирање податоци во реално време и пристап до релевантни корисници, со што се создава единствен извор на информации за секој работен тек. Обезбедува следење на целиот процес на трансформација преку одржување на комуникација и редовни состаноци за да се избегнат одложувања во процесот на трансформација.

Бидејќи очекувањата се дека јазот во достапноста на талентите за успешна дигитална трансформација не само што нема да се затвори, туку и ќе се зголеми низ целата индустрија, императив е да се задржи инвестицијата во развој на сопствени таленти и дополнителна обука на постојните вработени. талент во компаниите. Различни практики се достапни за бизнисите во овој поглед.

Во логистиката и транспортот, најчесто се користеа следните практики за зголемување на достапноста на талентите: ефективни процеси за унапредување и промоција на таленти, повисоки плати, ефективна преквалификација и усовршување на постојните вработени, повеќе програми DEI, поефективни метрики за известување за луѓето и организациската култура, ,поддршка за благосостојбата и менталното здравје на вработените, поголема флексибилност во работата во однос на работа на далечина и хибридна работа, подобрување на внатрешната комуникација и безбедност при работа.

Истражувањата покажуваат дека управувањето со трошоците, недостигот на возачи и подобрувањето на продуктивноста се слабите точки на транспортот, додека слабите точки на складирањето се: управување со работна сила, продуктивност и управување со перформансите.

За да се решат овие прашања за трошоците и продуктивноста, транспортните компании се повеќе ги дигитализираат своите процеси со имплементирање на технологии за набавка на дигитални товари и следење на средства и собирање податоци. ■■■

DELFINO MOBILITY GROUP ГО ЛАНСИРА АВТОМОБИЛСКИОТ БРЕНД GEELY ВО МАКЕДОНИЈА

Со потврдени 84 продадени возила за само 2 месеци, уште пред официјалното лансирање, Geely моделите на македонскиот пазар станаа еден од најбрзо-растечките авто-брендови во Македонија.
Делфино Мобилити Груп официјално пред македонската јавност го лансира најпродаваниот модел на Geely, Coolray, на свечен настан каде беше претставен и Geely Starray, сосема нов модел првпат промовиран во Македонија од сите европски земји.
Двата Geely модели се достапни за купувачите во првиот и единствен од ваков вид, поп-ап салон лоциран во трговскиот центар Џевахир, каде е овозможено на иновативен и непосреден начин запознавање и доживување со возилата на Geely. Како и во салонот, и на самиот настан присутните гости имаа можност да влезат во автомобилите, да ги разгледаат и од прва рака да ја оценат ексклузивноста на Geely моделите.
Бројот и динамиката на продадени автомобили го потврдува потенцијалот на овој нов бренд, но и недостатокот на пазарот од ваква понуда и исклучителен автомобилски бренд.
„Горди сме и посебно мотивирани што го овозможивме и направивме достапен и за македонските граѓани овој динамичен и иновативен бренд на автомобил. Продажбата во само два месеци, покажа дека македонскиот автомобилски пазар има потенцијал за растење и проширување, посебно со понуда како што е Geely, рангиран меѓу топ 10 најпродавани автомобилски брендови на глобално ниво и автомобил создаден со кинеска виртуозност и перфекционизам, но со европска ДНК“, истакнаа Илија и Сашо Тоневски, сопственици на Делфино Мобилити Груп при лансирањето на новите модели.
Навлегувањето на Geely на македонскиот пазар, беше поздравено и од кинескиот амбасадор во Македонија, како зајакнување на деловните врски помеѓу Македонија и Кина, кој исто беше присутен на промотивниот настан.
Моделот Coolray е веќе достапен за тест возења и купување во

Македонија, во салонот во Џевахир мол, а Geely Starray, првпат виден во Македонија, се очекува да започне со продажба во третиот квартал на 2024 година.

Geely во својата групација ги поседува светски познатите брендови Волво, Полстар (Polestar), Линк&КО (Lynk&Co), Zeekr и Смарт (Smart), а има 12% удел во Aston Martin и 10% од Daimler. Дополнително, има склучено мултимилијардерска соработка со Renault за развој на најсовремени мотори.

Совршеноста на Geely моделите е изградена врз размена на технологијата со неговите европски партнери и стратешки сојузи што ја зајакнува неговата глобална конкурентност и технолошка предност.

Delfino Mobility Group е компанија со богата историја во автомобилската индустрија која трае повеќе од 30 години од кои дваесет години успешно управува со франшизата на Sixt во Македонија а од 2023 година и Sixt Албанија. Располага со повеќе од 1.000 возила низ регионот. Воведувањето на Geely во веќе богатото портфолио означува ново возбудливо поглавје и значајно проширување со автомобилски брендови и ексклузивни модели.

Традиција и одржливост

Повеќе од 130 години сме пионери во логистиката. Но, со традицијата доаѓа мудроста и одговорноста. Затоа нашите иновативни и одржливи решенија се подготвени - независно од она што носи иднината!

Дознај повеќе на
kuehne-nagel.com

KUEHNE+NAGEL

ТОП 5 ТРЕНДОВИ ВО МЕЃУНАРОДНИОТ ТРАНСПОРТ ЗА 2024

Ги следиме мислењата на експерти, аналитичари, академици и други релевантни актери во индустријата со цел да ги идентификуваме клучните фактори. Подолу, истражуваме шест трендови кои ни го привлекуваат вниманието и кои би можеле да го обликуваат понатамошниот тек на меѓународните транспортни операции до крајот на 2024 година.

Инвестиции во еластичноста на синџирот на снабдување

Сè повеќе меѓународни транспортни компании ја препознаваат потребата да инвестираат во еластичноста на синџирот на снабдување. Првиот тренд, кој ја одбележува оваа година, ја нагласува потребата од континуирано соочување со предизвиците во оваа индустрија. Тие вклучуваат: штрајкови на работниците, сајбер-напади и климатски влијанија кои станаа честа појава во претходната година, што ги натера компаниите да ги преиспитаат своите стратегии. Ваквите инвестиции се насочени кон градење капацитет за да се направи синџирот на снабдување поотпорен на предизвиците. И покрај зголемените трошоци, фокусот на отпорноста станува императив, со оглед на континуираните прекини во синџирот на снабдување.

Развој во набавката и производството

Вториот тренд носи забрзување во процесите на набавка и производство. Синџирот на снабдување, иако глобален, доживува промени во однос на тоа од каде доаѓаат ресурсите. Забележано е значително поместување во динамиката, при што Мексико ја престигна Кина како најголем извозник во САД, додека во исто време Кина сè повеќе го префрла своето производство во САД. Расте интересот за домашното производство во Велика Британија и Европа. Овие промени сведочат за потребата од локален пристап во синџирот на снабдување. Разгледувањето на овие промени во набавката и производството овозможува подобро разбирање на еволуцијата на меѓународниот транспорт и обезбедува подобра перспектива кога се одлучува за понатамошни деловни потези.

Одржливоста како тренд на хоризонтот

Трет значаен тренд во светот на меѓународниот транспорт ја нагласува имплементацијата на одржливост преку клучните делови од синџирот на снабдување. Сè повеќе препознаваме дека синџирите на снабдување се важни инструменти за постигнување на целите за одржливост, бидејќи повеќето компании генерираат 80% или повеќе од нивните емисии на гас токму во овие точки на работа. Со сè поизразеното влијание на климатските промени, одржливоста станува императив. Во рамките на ЕУ, регулативите се на хоризонтот, но споделувањето на извештаите за претходно одобрените барања е одложено за 24 месеци, имајќи предвид дека 39% од организациите не се подготвени целосно да ги исполнат тие стандарди. Овој потег ги одразува предизвиците со кои ќе продолжат да се соочуваат организациите додека ги прилагодуваат одржливите практики, во реално време.

Еволуција на планирањето

Четвртиот тренд кој сè повеќе доминира во меѓународниот транспорт е усвојувањето на една од категориите услуги за облак технологија: платформа како услуга (PaaS), од страна на големи и средни компании. Овој пристап имплицира дека најголемиот дел од планирањето е доверено на трето лице, без разлика дали се работи за голема системска или помала специјализирана фирма. Компаниите се повеќе ги препознаваат предностите на овој пристап. Дополнително, недостигот на работна сила дополнително ги охрабрува организациите да го истражуваат пристапот PaaS. Клучната предност на овој модел лежи во фактот што трошоците стануваат фиксни наместо променливи, што ги прави овие модели привлечни, особено кога има притисоци за намалување на буџетите.

Автоматизација

Низ целиот свет, недоволното враќање на работната сила на нивоата пред пандемијата и големиот број луѓе од генерацијата родени помеѓу 1946 и 1964 година кои се повлекуваат од пазарот на труд се еден од факторите што ја намалуваат достапноста на работната сила. Оваа ситуација ги тера компаниите да најдат нови начини за ефикасно управување со ресурсите. Исто така, очекувањето дека технологијата на работното место функционира совршено стана пресудно во промените во начинот на водење бизнис. Барањата на различните генерации за флексибилна работа и баланс помеѓу работата и животот дополнително влијаат на адаптацијата.

ТРЕНДОВИ НА ПЛАЌАЊЕ ВО РЕГИОНОТ

БЕЗГОТОВИНСКИТЕ ПЛАЌАЊА ЗГОЛЕМЕНИ ЗА 30%, ЗНАЧИТЕЛЕН РАСТ НА ТОКЕНИЗИРАНИТЕ ТРАНСАКЦИИ

Visa SEE Бизнис Форумот 2024, годишната конференција на светскиот гигант во областа на платежните картички, која се одржа во Котор деновиве, беше посветена на технолошките иновации во платните системи и финансиската вклученост, собра над 120 истакнати претставници од финансиската индустрија на шест пазари во Југоисточна Европа, вклучувајќи клиенти и експерти од Visa ширум светот.

Иднината на монетарните трансакции, зајакнувањето на плаќањата преку прифаќање на методите, поддршката за малите и средни претпријатија и имплементацијата на вештачката интелигенција во дигиталните финансиски текови, беа само дел од темите за кои се разговараше на Visa SEE Бизнис Форумот 2024. Годишната конференција, која се одржа во Котор деновиве, беше посветена на технолошките иновации во платните системи и финансиската вклученост, собра над 120 истакнати претставници од финансиската индустрија на шест пазари во Југоисточна Европа, вклучувајќи клиенти и експерти од Visa ширум светот.

Некои од клучните трендови за Југоисточна Европа во модерните плаќања, покажуваат дека безготовинското плаќање низ регионот бележи раст за 30% во 2023 година, што претставува зголемување од 74% во токенизираните трансакции. Исто така, има зголемување од 16% во трговските локации, кои користат POS системи.

„Виза е присутна во регионот на Југоисточна Европа повеќе од 40 години. Нашите заеднички напори со владите, регулаторите, финансиските институции и партнерите, резултираа со значајни достигнувања во развојот на дигиталната економија во регионот. Бројот на Visa картички се зголеми за 14% во споредба со 2022 година, со 15 милиони нови Visa картички воведени низ CISSEE пазарите. Гледајќи напред, ние сме посветени на понатамошно проширување на мрежата, за прифаќање за лесни и сигурни дигитални плаќања во Југоисточна Европа, како и промовирање на дигиталната трансформација на локалната економија преку иновации“, вели Кристина Дорос, сениор потпретседател и групациски менаџер CISSEE во Visa (Senior Vice President and Group Country Manager CISSEE, Visa).

Нови карактеристики на картички и дигитални иновации

Учесниците на конференцијата беа вклучени во разговори во врска со дигиталниот напредок на регионалната заедница, додека претставниците на Visa ги покажаа значајните резултати постигнати во текот на четиридецениското бизнис на компанијата во регионот на Југоисточна Европа.

„Продолжуваме да бидеме иновативни и да ги зајакнуваме корисниците со дигитални, безбедни трансакции, кои имаат клучна улога во модернизацијата на плаќањата во регионот. Задоволна сум што нашиот Форум оваа година го постигна токму тоа - убедувајќи ги клиентите и партнерите дека платежната индустрија се развива побрзо од кога било и дека ние се развиваме со неа, обезбедувајќи им бескрајни можности да се подобрат и да бидат конкурентни во нивните бизниси“, изјави Ана Драшковиќ, Потпретседател и Генерален Менаџер на Visa Југоисточна Европа (Vice President and General Manager, Visa Southeast Europe).

Visa, исто така, претстави нови карактеристики на картички и дигитални иновации, кои ќе ги воведат потрошувачите и трговците до поприспособена, поудобна и побезбедна иднина. Visa Pay им овозможува на банките брзо да распоредат нови иновативни решенија, вклучувајќи дигитално издавање, иницирање плаќања, плаќање на допир (tap-to-pay), управување со измами и ризик, платформи за паричник и многу повеќе. Visa Flexible Credential овозможува со една единствена картичка-производ да се функционира со префрлање помеѓу начините на плаќање, ставајќи ја моќта на избор во рацете на потрошувачот. Visa Payment Passkey го потврдува идентитетот без да го прекине искуството за наплата и ја зголемува безбедноста додека ги намалува предизвиците при плаќање онлајн, на кој било уред или веб-локација, на глобално ниво.

Бројот на Visa картички се зголеми за 14% во споредба со 2022 година, со 15 милиони нови Visa картички воведени низ CISSEE пазарите. Гледајќи напред, ние сме посветени на понатамошно проширување на мрежата, за прифаќање за лесни и сигурни дигитални плаќања во Југоисточна Европа, како и промовирање на дигиталната трансформација на локалната економија преку иновации, *вели Кристина Дорос, сениор потпретседател и групациски менаџер CISSEE во Visa.*



РАСТ НА ИНФОРМАТИЧКО-КОМУНИКАЦИСКИОТ СЕКТОР ОД 15% ГОДИШНО

РЕЧИСИ 1,5 МИЛИЈАРДИ ЕВРА ПРИХОДИ ОСТВАРИЛЕ ИКТ КОМПАНИИТЕ ЛАНИ

Оваа индустрија бележи пораст по сите параметри (остварени приходи, број на вработени, извоз) и значајно придонесува во државниот буџет од аспект на платени даноци и придонеси. Ова дава на знаење дека државата мора стратешки да вложува во ИКТ-индустријата, при што стимулацијата на овој сектор води кон дополнителен развој на сите други сектори во нашата економија во развој, велат од МАСИТ.

ИКТ индустријата во Македонија го задржа позитивниот тренд на пораст и во 2023 година, согласно последните официјални податоци добиени од страна на надлежните институции со кои Стопанската комора за информатички и комуникациски технологии – МАСИТ соработува. Оваа анализа МАСИТ ја спроведува на годишно ниво, со цел информирање за состојбата и движењето на ИКТ индустријата. Статистички гледано, ИКТ индустријата, секоја година бележи раст, а истото може да го заклучиме и за 2023 година која покажува континуитет во растот, но и стабилизација по однос на растот на економските индикатори. Последните години заклучно со последните податоци за 2023 година, ИКТ индустријата има импресивни резултати, дури и со ниска институционална поддршка од страна на државата.

Индустријата располага со квалификувана и ефективна работна сила со одлични познавања на англиски јазик и други останати јазици, солидна телекомуникациска инфраструктура, квалитетен софтвер и ИТ услуги, супериорно техничко и деловно знаење по конкурентни цени. ИКТ индустријата има огромен потенцијал во растот и развојот на македонската економија, а повеќето компании специјализирани во рамки на "Софтверот и ИТ услугите" главно се извозно-ориентирани компании и имаат значителна додадена вредност.

„Како секторска комора што ги претставува исклучиво ИКТ-компаниите во нашата држава, особено сме горди на нашите членки што се пример за силен економски раст, кој се чувствува во целото општество воопшто. Оваа индустрија бележи пораст по сите параметри (остварени приходи, број на вработени, извоз) и значајно придонесува во државниот буџет од аспект на платени даноци и придонеси. Ова дава на знаење дека државата мора стратешки да вложува во ИКТ-индустријата, при што стимулацијата на овој сектор води кон дополнителен развој на сите други сектори во нашата економија во развој.“, велат од МАСИТ.

Подолу се излистани одредени економски индикатори, врз основа на кои може да се увиди прогресот и растот, но и стабилноста на одредени параметри за индустријата.

Број на компании во државата

Во 2023 година, забележан е пораст на вкупниот број на регистрирани субјекти во индустријата. Во 2022 година имало активни 2846 компании во индустријата, а во 2023 година се евидентирани 3091 компанија, што ни прикажува пораст од 9% на овој индикатор. Согласно анализите на МАСИТ од претходните години, во 2022 година е забележан пораст од 16% на бројот на компании во однос на 2021 година, односно минатогодишниот пораст бил речиси двојно поголем од тековно евидентираниот пораст од 9%*.

Број на вработени лица во ИКТ и останати трошоци за вработените

Во 2022 година, евидентирани биле 19947 вработени лица во ИКТ секторот, а во 2023 година се евидентирани 21640 лица.

Забележан е пораст од 8% на овој индикатор. За споредба, минатогодишниот измерен пораст изнесувал 13% повеќе вработени во 2022 во однос на 2021 година, што укажува на благо опаѓање на вработувањата во ИКТ секторот. Значителен пораст е забележан во исплатата на останати трошоци за вработените во индустријата. Во 2023 година се исплатени над 30 милиони евра, односно 37% повеќе од претходната 2022 година кога за останати трошоци компаниите одвоиле нешто над 22 милиони евра. Овој индикатор јасно покажува дека компаниите во континуитет одвојуваат се поголеми буџети во насока на зголемување на бенефициите и задоволството на своите вработени.

Просечна месечна бруто плата исплатена во 2023 година, плати и надоместоци од плата

Просечната месечна бруто плата на вработените во оваа индустрија за 2023 година ни покажува стабилност на истата. Овој индикатор во 2023 година изнесува 2290 евра и бележи пораст од 1% во однос претходната 2022 година кога бил 2260 евра за просечна месечна бруто плата исплатена по вработен.

Платите и надоместоците од плата пак, бележат поголем пораст. Во 2023 година биле реализирани приближно 266,8 милиони евра, споредбено со 2022 година кога биле реализирани 215,2 милиони евра, што ни покажува зголемување од 24% на овој индикатор.

Годишен приход и нето извоз

Компаниите во 2023 година остварile пораст и во приходите од работењето и во извозот и тоа 15%, односно 18% пораст во однос на 2022 година.

Трошоци за даноци на плата и надоместоци на плата и придонеси за задолжително социјално осигурување

Трошоците за даноци на плати и надоместоци на плата во 2023 година, исто така бележат зголемување за 24% во однос на 2022 година. Во ист однос бележиме пораст и на платените придонеси за задолжително социјално осигурување.

Данок на добивка

ИКТ компаниите во државава во 2023 година изгенерирале данок на добивка во износ над 20 милиони долари, или 13% повеќе од 2022 година.

Движењето на генералните индикатори прикажано за последните 5 години преку податоци и процентуален раст

Индикатори	2019	2020	2021	2022	2023
Број на компании	2,198	2,378	2,450	2,846	3,091
Вработени во ИКТ секторот	15,514	16,712	17,675	19,947	21,640
Приход од работењето	EUR 879,647,534	EUR 985,269,985	EUR 933,328,401	EUR 1,279,538,270	EUR 1,470,463,270
Плати и надоместоци на плати	EUR 119,903,489	EUR 141,748,265	EUR 165,229,713	EUR 215,207,710	EUR 266,839,724
Трошоци за даноци на плати и надоместоци на плати	EUR 13,361,688	EUR 14,775,880	EUR 17,525,178	EUR 23,177,032	EUR 28,822,661
Придонеси за задолжително социјално осигурување	EUR 47,884,592	EUR 55,995,282	EUR 65,469,520	EUR 85,897,671	EUR 106,492,439
Останати трошоци за вработените	EUR 15,660,931	EUR 13,262,167	EUR 15,330,595	EUR 22,044,461	EUR 30,229,544
Данок на добивка	EUR 12,368,153	EUR 12,625,500	EUR 13,122,769	EUR 17,665,102	EUR 20,047,430
Просечна месечна бруто плата во евра	EUR 1,490	EUR 1,646	EUR 2,002	EUR 2,260	EUR 2,290
Извоз (милиони евра)	EUR 210	EUR 231	EUR 330	EUR 468	EUR 553

2019-2020	2020-2021	2021-2022	2022-2023
8%	3%	16%	9%
8%	6%	13%	8%
12%	-5%	37%	15%
18%	17%	30%	24%
11%	19%	32%	24%
17%	17%	31%	24%
-15%	16%	44%	37%
2%	4%	35%	13%
10%	22%	25%	1%
11%	43%	42%	18%

Извори на податоците за табелите во овој текст:
МАСИТ, Централен регистар, Народна банка, Државен завод за статистика

ПРОКРЕДИТ БАНКА ПРАВИ ЧЕКОР НАПРЕД ВО ПОДДРШКА НА МАЛИТЕ И СРЕДНИТЕ КОМПАНИИ

СЕ ОДРЖА ВТОРАТА БИЗНИС КОНФЕРЕНЦИЈА „ДИГИТАЛНА ЕВОЛУЦИЈА“

ПроКредит Банка успешно го заврши вториот настан од серијата „Дигитална еволуција – Одговорност на бизнисите кон иднината “. Стануваа збор за бизнис конференција посветена на унапредување на дигитализацијата во македонскиот бизнис сектор со посебен фокус на малите и средни претпријатија.

